Глигор Стефанов, несомнено, спаѓа во редот на оние југословенски
уметници чие творештво и даде печат на југословенската уметност
на оваа деценија. Иако скулптор по образование(дипломирал на Факул-
тетот за ликовни уметности во Белград во 1981година), неговите дела
сепак не може да се разгледуваат во рамките на традиционалните поими
на скулптурата. Од самиот почеток на неговата активност па до денес
тој покажува нагласен интерес за низа нескулпторски материјали, како
што се дрвото, памукот, тревата или сеното, кои претставуваат битна
компонента во одредувањето на неговото дело. Тоа се материјали чии
особини тој добро ги познава и кои ги користи да ја искаже, крајно
убедливо, снагата на сопствениот силен и немирен темперамент. Вто-
риот битен елемент во творештвото на Стефанов, претставува неговиот
специфичен и особен однос кон просторот. За него делото никогаш не
е статична форма или предмет кој зафаќа одреден дел од просторот,
туку е израз на постојаното тежнение за неговото тотално опфаќање,
освојување или "грабење". Експресивниот начин на користењето на ма-
теријалите и агресивниот однос кон просторот, резултира во дела со
силен динамички и сетилен интензитет.
Глигор Стефанов за своето творештво има добиено повеќе значајни на-
гради и признанија. Од најважните може да се споменат Сојузната на-
града "Седум секретари на СКОЈ" и Републичката награда на весникот
"Млад борец", и двете доделени за исклучителни остварувања во облас-
та на ликовната уметност.
Изложбата во Музејот на современата уметност е веќе десето и најреп-
резентативно самостојно претставување на Стефанов. Таа ќе ги опфати
неговите најнови остварувања, настанати во текот на минатата и
оваа година: дваесетина објекти и инсталации, обединети во циклусот
наречен "Летала".
Изложбата ќе биде отворена од 3. 06.-3.07.1986 го на. Отворањето
ќе биде во 19.00ч. во изложените сали на МСУ.